АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202- 842/2
01.02.2023 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 140-та редовна седница одржана на ден 01.02.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени на Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода)**

(1) Се вршат измени на Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), и тоа:

1. Членот 26 се менува и гласи: „Составен дел на овие услови е табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) и Табелата за дневен надомест“.

2. **Табелата** за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода), која е составен дел од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) се укинува.

3. Во Основната табела за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај-незгода:

3.1. Се менува насловот на табелата, така што новиот наслов на табелата гласи: „Табела за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај-незгода“;

3.2. Во целиот текст на табелата, зборовите „ Основна табела“ или „Основната табела“ се заменуваат со зборот „Табела“ односно „Табелата“.

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај – незгода и истиот да го постави на серверот и веб страната на Друштвото.

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува за полисите издадени од 01.01.2023 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*М-р Марија Томеска*